Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Служб весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21, 3/25), Советот на Општина Македонска Каменица на 10-тата седница одржана на ден 12.05.2026 година донесе

О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина ***МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА***
За **2026** година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општинс МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА за 2026 година, на следниот начин :

Потпрограма Потставка	САМОФИНАН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потаставки :				
741114 Пренесен вишок на Приходи од претходната година	0	8.210.460	0	0
	0	**8.210.460**	**0**	**0**
и се распредуваат на следните расходни потаставки :				
N10 *ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*				
423610 Наставно-образовни помагала	0	300.000	0	0
424440 Поправки и одржување на друга опрема	0	100.000	0	0
425970 Консултантски услуги	0	100.000	0	0
480190 Купување на друга опрема	0	1.179.795	0	0
482930 Реконструкција на други објекти	0	5.000.000	0	0
N20 *СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ*				
423610 Наставно-образовни помагала	0	50.000	0	0
425970 Консултантски услуги	0	80.000	0	0
480140 Купување на информатичка и видео опрема	0	100.000	0	0
482930 Реконструкција на други објекти	0	1.102.017	0	0
482940 Надзор над изградбата	0	10.000	0	0
V10 *ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*				
421110 Електрична енергија	0	188.648	0	0
	0	**8.210.460**	**0**	**0**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонска Каменица.

Бр.09-1172/1
12.05.2026 г.
М.Каменица

Претседател на Советот на Општината
Злате Алексовски с.р

Образложение на проширувањето на средствата на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08,156/09, 95/10,180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21, 3/25) општина Македонска Каменица предложи проширување на средствата во Буџетот на општината за 2026 година.

Општина Македонска Каменица изврши проширување на Буџетот на општината за 2026 година за износот на салдото на 31.12.2025 година на сметката за наменски дотации во вкупен износ од 8.210.460,00 денари, односно износот на салдото за основното образование изнесува 6.679.795,00 денари, за средното образование изнесува 1.342.017,00 денари, за детската градинка изнесува 188.648,00 денари. За износот на овие средства се зголемени приходите на сметката за наменска дотација на следната потставка:

- 741114 износ од 8.210.460,00 денари.

Во Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година се изврши проширување на сметката за наменска дотација во следниве програми и ставки:

- **Програма Н10 – основно образование**

- Ставка 423610 во износ од 300.000,00 денари;
- Ставка 424440 во износ од 100.000,00 денари;
- Ставка 425970 во износ од 100.000,00 денари;
- Ставка 480190 во износ од 1.179.795,00 денари;
- Ставка 482930 во износ од 5.000.000,00 денари.

- **Програма Н20 – средно образование**

- Ставка 423610 во износ од 50.000,00 денари;
- Ставка 425970 во износ од 80.000,00 денари;
- Ставка 480140 во износ од 100.000,00 денари;
- Ставка 482930 во износ од 1.102.017,00 денари;
- Ставка 482940 во износ од 10.000,00 денари.

- **Програма В10 – детски градинки**

- Ставка 421110 во износ од 188.648,00 денари.

Со почит,

ГРАДОНАЧАЛНИК

Соња Стаменкова с.р

м-р Сања Митревска

Изготвил: Советник – одговорен сметководител